Предлагач: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје,

февруари 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup
Примено / Pranuar: 21. 02. 2025
Орг. един. / Njesia Org.: 08 | Број / Numer: 1232/1 | Прилог / Shtojca: | Вредност / Vlerë:

**ДО:**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република С. Македонија и член 139, член 144 и член 175 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, Ви поднесуваме *Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.*

**Пратеници:**

Димитар Апасиев_______________

Борислав Крмов_______________

Реџеп Исмаил_______________

Јована Мојсоска_______________

Амар Мециновиќ_______________

Сашко Јанчев_______________

2

## ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со *Законот за работните односи* („Службен весник на Република Македонија„ бр.62/05; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021 и 111/2023;) се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите и вклучувањето на работниците во работниот процес, при што се почитува правото на работниците на слобода на трудот, достоинство и заштита на интересите на работниците во работниот однос.

Постоечкото законско решение и Општиот колективен договор од областа на стопанството, предвидуваат можност работодавците на свој трошок да обезбедат превоз од и до работното место од што произлегува дека законот им го признава правото на работниците на надоместок за превоз како трошок поврзан со работата. Бидејќи законот иницира на претпоставката дека работникот за доѓање на работа прави трошок, и иако граѓаните пред Уставот и законите се еднакви, во пристапот до остварувањето на правото на надоместок за трошоците поврзани со работа работниците се нееднакви. Правото на работниците не е облигаторна обврска за сите работодавци, работниците се оставени на добрата волја на работодавачите, такашто остварувањето на право кое им следува на работниците индиректно се трансформира во дискреционо право на работодавецот да одлучи дали ќе им го овозможи на работниците или не, со што се доведуваме во ситуација една група на работници да го ужива правото а друга не.

Законот за работните односи од 2005 година го признаваш овој надоместок, со тоа што неговата висина беше утврдена со Оптшиот колективен договор од областа на стопанството од 2006 година. Одредбите подоцна беа укинати со Законот за изменување на Законот за работните односи (Сл. весник бр.161/08) од 2008 година а финансискиот товар за направените трошоци остана на терет на работниците.

Дополнитено, во ситуација во која висината на синдикалната кошница постојано расте, а трошоците за транспорт за едно домакинство минатата година

во просек се движеле од 7% до 8% од семејниот буџет, јасно укажува дека издатокот за транспорт од и до работа е голем и неодминлив трошок за работниците.

Од земјите во регионот, Србија со закон го уредува надоместокот за направен трошок за превоз од и до работа, а работниците добиваат надомест во паричен износ во случај работодавецот да не обезбеди превоз, со што е изземен просторот за манипулација од страна на работодавците, а работниците се подеднакви во остварувањето на своето законско право.

Од тие причини, а со цел да се надмине нееднаквоста во пристапот на остварување на правата на работниците, го предлагаме Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предлог-законот е заснован на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за работните односи.

Целта е да се воедначат правата од работен однос на работниците.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗБУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложениот закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република С. Македонија и другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕНА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИСПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИСУБЈЕКТИ

Потребните средства за спроведување на предложениот закон ќе се обезбедат од Буџетот на Република С. Македонија.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република С. Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложена или обемна измена на законот, предлагаме Собранието да расправа по *Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, по скратена постапка.*

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија„ бр.62/05; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; 110/2019; 267/2020; 151/2021; 288/2021 и 111/2023;) во член 113 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Работодавецот на свој трошок на работниците им организира превоз до и од работното место или им исплаќа трошоци за превоз.

Ставот (5) се менува и гласи:

„(5) Трошоците за превоз кога нема организиран превоз се во висина на продажната цена на горивото, пресметана по просечна потрошувачка на шест и пол литри гориво за изминат пат од 100 километри.“

По ставот (5) се додаваат два нови ставови (6) и (7) кои гласат:

„(6) Работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира исхрана за време на работа.

(7) Трошоците за исхрана од ставот (6) на овој член можат да изнесуваат најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи два члена.

Членот 1 предвидува измена на членот 113 од основниот Закон за работните односи, во кој се менуваат ставовите (4) и (5) и се додаваат два нови ставови (6) и (7) со кои се регулира правото на надоместок на трошоци поврзани со работа.

Членот 2 го предвидува вообичаениот уставен рок за влегување во сила на законот, *vacatio legis*.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ
НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВОПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани, истите се однесуваат на иста правна работа и како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното решение ќе доведе до еднаква примена на законот врз сите работници што ќе стимулира зголемена продуктивност на работниците и подобрување на нивниот животен стандард.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ
## ОД ЗАКОНОТ ЗА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ
(ИЗВОД)

### Надоместување на трошоците поврзани со работата

### Член 113

(1) Работникот има право на надомест на трошоци поврзани со работата за:
1) службено патување;
2) теренски додаток;
3) користење на приватен автомобил за службени патувања;
4) одвоен живот од семејството и
5) смрт на работникот или член на неговото семејство.
(2) Работникот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди.
(3) Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и колективен договор.
(4) Работодавачот на свој трошок на работниците може да им организира превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа.
(5) Трошоците за исхрана од ставот 4 на овој член можат да изнесуваат најмногу до 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година, а трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.